# Службен гласник

## на Општина Струмица

**Број 6** **Петок , 17 јуни 2005 год.**

Содржина

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА** стр.

**Одлука** за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица ………………………… 137
**Одлука** за преземање на основачките права на ЈПКД “Хигиена” Општина Муртино……………………………………… 138

**Одлука** за преземање на основачките права на ЈПКД “Липа” Општина Куклиш ………………………………………. 139
**Одлука** за утврдување висината на благајничкиот максимум ………………..… 139
**Одлука** за утврдување и исплата на надомест за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања на локалните избори во 2005 година во Општина Струмица ……………………….. 140

**Одлука** за продолжување на работното време на угостителските објекти во општина Струмица ……. 140
**Решение** за именување претставник во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи ПО-Струмица …. 141
**Решение** за формирање на Редакциски одбор за уредување на “Сл. гласник на општина Струмица ……. 141
**Заклучок** за одлагање на Предлог-Одлука за преземање на управувањето на водоводната мрежа во с. Водоча ……………..….. 142

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за пристапување кон изменување и дополнување на Статутот на Општина Струмица, што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1283/2 Градоначалник
16.06.2005год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“ Сл. весник на РМ” бр. 5/02) и член 21 ст. 1 т. 1 од Статутот на општина Струмица ( “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина

Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Се пристапува кон изменување и дополнување на Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03).

Член 2

Во постапката за изменување и дополнување, Статутот да се усогласи со одредбите на Законот за локална самоуправа, Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и другите законски прописи.

Член 3

Комисијата за статут и прописи да ги изготви нацртот и предлогот за изменување и дополнување на Статутот на на општина Струмица и ги достави на разгледување и усвојување на Советот на општина Струмица.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1283/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

…………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈПКД “ХИГИЕНА” - ОПШТИНА МУРТИНО

1. Се објавува Одлуката за преземање на основачките права на ЈПКД “Хигиена” – Општина Муртино, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1284/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………………

Врз основа на член 25 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија (“ Сл. весник на РМ” бр. 55/04) и член 21 ст. 1 т.44 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈПКД “ХИГИЕНА” ОПШТИНА МУРТИНО

Член 1

Со оваа Одлука општина Струмица ги презема основачките права на ЈПКД “Хигиена” Општина Муртино.

Член 2

Со преземањето на основачките права на ЈПКД “Хигиена” Општина Муртино се преземаат и опремата, инвентарот, архивската документација, средствата за работа и други права и обврски и истите се пренесуваат на управување на ЈПКД “Комуналец” Струмица.

ЈПКД “Комуналец Струмица во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа Одлука да ги прземе сите дејствија за спроведување на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1284/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

…………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број

4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈПКД "ЛИПА" - ОПШТИНА КУКЛИШ

1. Се објавува Одлуката за преземање на основачките права на ЈПКД "Липа" – Општина Куклиш, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1285/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………………

Врз основа на член 25 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа на Република Македонија (" Сл. весник на РМ" бр. 55/04) и член 21 ст. 1 т.44 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОСНОВАЧКИТЕ ПРАВА НА ЈПКД "ЛИПА" ОПШТИНА КУКЛИШ

Член 1

Со оваа Одлука општина Струмица ги презема основачките права на ЈПКД "Липа" Општина Куклиш.

Член 2

Со преземањето на основачките права на ЈПКД "Липа" Општина Куклиш се преземаат и опремата, инвентарот, архивската документација, средствата за работа и други права и обврски и истите се пренесуваат на управување на ЈПКД "Комуналец" Струмица.

ЈПКД "Комуналец" Струмица во рок од 30 дена од влегувањето во сила на оваа Одлука да ги преземе сите дејствија за спроведување на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1285/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р

…………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА БЛАГАЈНИЧКИОТ МАКСИМУМ

1. Се објавува Одлуката за утврдување висината на благајничкиот максимум, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1289/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р

……………

Врз основа на член 7а од Законот за дополнување на Законот за платен промет ("Сл. весник на РМ" бр. 50/01) и член 21 ст. 1 т.44 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА БЛАГАЈНИЧКИОТ МАКСИМУМ

Член 1

Заради готовинско плаќање во платниот промет од Буџетот на општина Струмица се утврдува благајнички максимум.

Член 2

Висината на благајничкиот максимум, кој балгајникот може да ги држи како пари во готово, се утврдува на 63.000,00 денари.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07- 1289/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

…………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2005 ГОДИНА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за утврдување и исплата на надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања на локалите избори во 2005 година во Општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1290/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

……………..

Врз основа на член 47 и 48 од Законот за локални избори (“ Сл. весник на РМ” бр. 45/04- прочистен текст) и член 21 ст. 1 т.44 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА НАДОМЕСТОК ЗА ИЗБОРНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО 2005 ГОДИНА ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Се утврдува надоместокот за изборните трошоци кој треба да се исплати на организаторите на изборната кампања на локалните избори во 2005 година во оштина Струмица, според усвоените гласови и тоа за:

- СДСМ и другите партии (коалиција) за советници и градоначалник …….. 481.245,00 ден.

- ВМРО – ДПМНЕ и другите партии за советници ………. 131.535,00 ден.
- ВМРО Народна за советници ……….. 49.380,00 ден.
- ДРУМ за советници…28.770,00 ден.

Член 2

Извршувањето на оваа Одлука да ја спроведе Градоначалникот на општина Струмица во рокот утврден со Законот за локални избори.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1290/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

1. Се објавува Одлуката за работното време на угостителските објекти во Општина Струмица, што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1291/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………….

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност (“ Сл. весник на РМ” бр. 62/04) и член 21 ст. 1 т.44 од Статутот на општина Струмица ( “Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

Член 1

Работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Струмица утврдено во член 23 точките 1, 2, 3, 4, 5 и 6 во Законот за угостителска дејност се продолжува за 1 час за периодот од

стапување во сила на ова Одлука до 31 август 2005 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во " Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1291/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

………………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ПО - СТРУМИЦА

1. Се објавува Решението за именување на претставник во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи ПО – Струмица, што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1287/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита (" Сл. весник на РМ" бр. 65/04) и член 21 ст. 1 т.43 од Статутот на општина Струмица ( "Сл. гласник на општина Струмица" бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА МЕЃУОПШТИНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ - СТРУМИЦА

1. За претставник од општина Струмица во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Подрачно одделение – Струмица, се именува:
-Ѓорги Стојков – дипломиран правник

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Сл.гласник на општина Струмица".

Бр. 07-1287/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

……………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл. весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РЕДАКЦИСКИ ОДБОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА "СЛ. ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА"

1. Се објавува Решението за формирање на Редакциски одбор за уредување на "Сл. гласник на Општина Струмица", што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1288/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р.

…………….

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 16.06.2005 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА РЕДАКЦИСКИ ОДБОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИОТ ГЛАСНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

1.Се формира Редакциски одбор за уредување на Службениот гласник на општина Струмица во состав:

1.Парталов Кирил- раководител на Секторот за правни, општи работи и јавни дејности
2.Трајкова Ленче – советник во Одделението за јавни дејности
3.Граматикова Евгенија – раководител на Одделението за финансии, буџет и сметководство
4.Крстев Васил – советник во Одделението за правни и општи работи
5.Ќосева Иринка – раководител на Одделението за урбанизам

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр. 07- 1288/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

……………

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА ВО СЕЛО ВОДОЧА

1. Се објавува Заклучокот по Предлог-Одлуката за преземање на водоводната мрежа во село Водоча, што Советот на општина Струмица го донесе на седницата одржана на 16.06.2005 година.

Број 08-1286/2 Градоначалник
16.06.2005 год. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев, с.р

Врз основа на член 21 од Статутот на општина Струмица ( “ Сл. гласник на општина Струмица” бр. 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 16.06.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К

1.Предлог-Одлуката за преземање на управувањето на водоводната мрежа во село Водоча од Месната заедница Водоча, се одлага за една од наредните седници на Советот на општина Струмица.

2. Се задолжува ЈПКД “ Комуналец” Струмица во рок од 30 дена да направи стручна анализа и изготви извештај за состојбата на водоводната мрежа во село Водоча.

3. Се задолжува МЗ Водоча да собере потписи за согласност за отстапување на управувањето на водоводната мрежа на ЈПКД “ Комуналец” Струмица од сите семејства што се приклучени на мрежата.

4. Овој Заклучок влегува во сила по објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Бр. 07-1286/1 Совет на општина Струмица
16.06.2005 год. Претседател,
С т р у м и ц а Зоран Ристов, с.р.

---------------------------------------------------------------------------